**До**
**Совет на Општина**
**Битола**

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
БР. 01-623/1
14.07. 2021 ГОД.
БИТОЛА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА К.Ј.П."НИСКОГРАДБА" ЗА ПЕРИОД ОД

# 01-01-2021 ДО 30-06-2021 г.

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## ПРИХОДИ

| Конто | ПРИХОДИ | Износ 2020 (3) | Износ 2021 (4) | Индекс 4 : 3 |
|---|---|---|---|---|
| 7400 | Приходи од услуги општа даночна стапка | 10,771,564.00 | 17,029,935.00 | 1.58 |
| 7401 | Приходи од услуги повластена даночна стапка | 6,386,097.00 | 7,789,255.00 | 1.22 |
| 7402 | Приходи од канализација | 35,196,466.00 | 34,549,540.00 | 0.98 |
| 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | 2,052,052.00 | 1,093,156.00 | 0.53 |
| 769 | Останати приходи од работењето | 153,388.00 | 74,724.00 | 0.49 |
| 7741 | Приходи од камати | 145,798.00 | 121,790.00 | 0.84 |
| 7799 | Останати финансиски приходи | 794.00 | 24,496.00 | 30.85 |
| | **Вкупно** | **54,706,159.00** | **60,682,896.00** | 1.11 |
| | | | | |

Анализирајќи ја горе наведената табела на приходи за првото полугодие од оваа година споредено со истиот период од 2020 година може да се забележи дека има зголемување на приходите за 11 %.

| Приходите од услуги и канализација (к-то 7400 , 7401 и 7402 ) | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|
| -Приходи од услуги ( конто 7400 и 7401 ) | 17.157.661,00 | 24.819.190,00 |
| -Приходи од надоместок за канализација | 35.196.466,00 | 34.549.540,00 |
| **Вкупно** | **52.354.127,00** | **59.368.730,00** |

Приходите од извршени услуги кон правни лица и граѓани зголемени се за 58% споредено со истиот период во 2020 година.

Приходите од надоместок на канализација се намалени за 2 % споредено со истиот период минатата година .

Приходите од услуги со повластена даночна стапка зголемени се за 22 % споредени со 2020 година. На ова конто се евидентираат приходите од Зимска служба чиј износ зависи од временските услови во годината.

Во останати приходи од работењето влегуваат приходите од нотарски и судски такси се однесуваат за поврат на парите од утужените побарувања од граѓани и правни лица за однапред платени такси при утужувањето и истите се намалени за 51 % .

Приходите од камати се намалени за 16% споредени со 2020 година и истите се однесуваат за пресметани задоцнети плаќања од граѓани за надоместок за канализација.

Останатите финансиски приходи од работењето се приходи од поврат на средства за направени штети од дејност и истите оваа година изнесуваат 24.496,00 денари.

Приходите од употреба на сопствени производи (сопствена канализациона мрежа) до 06.2021 година изнесуваат 1.093.156,00 денари и истите во споредба со минатата година покажуваат намалување за 47%.

Другите приходи се незначителни и се во нормалата од редовното работење.

# РАСХОДИ

| | Вид на расход | Остварени расходи 2020 (2) | Остварени расходи 2021 (3) | Индекс 3 : 2 |
|---|---|---|---|---|
| 400/401 | Потрошени суровини и материјали | 2,804,247.00 | 4,356,391.00 | 1.55 |
| 402 | Потрошена енергија | 1,055,963.00 | 1,415,775.00 | 1.34 |
| 408 | Отпис на ситен инвентар | 30,330.00 | 66,310.00 | 2.19 |
| 410/411 | Поштенски, телефонски ГПЈ и интернет услуги | 281,234.00 | 267,212.00 | 0.95 |
| 4136 | Услуги за одржување на опремата | 695,342.00 | 761,167.00 | 1.09 |
| 41390 | Услуги за обезбедување на имотот | 333,445.00 | 274,746.00 | 0.82 |
| 414 | Закупнина | 98,511.00 | 60,000.00 | 0.61 |
| 415 | Комунални услуги | 183,031.00 | 144,415.00 | 0.79 |
| 4198 | Производни услуги | 2,359,707.00 | 3,597,719.00 | 1.52 |
| 41989 | Услуги за читање на водомери | 558,000.00 | 618,000.00 | 1.11 |
| 41991 | Услуги од агенции за вработување | 2,813,580.00 | 1,539,977.00 | 0.55 |
| 421 | Бруто плати | 26,764,147.00 | 27,914,460.00 | 1.04 |
| 430 | Амортизација | 5,000,000.00 | 5,500,000.00 | 1.10 |
| 422 | Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти | 2,394,850.00 | 2,924,888.00 | 1.22 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 440 | Дневници за службен пат | 87,617.00 | 46,485.00 | 0.53 |
| 4419 | Надомести на трошоци на вработените и подароци | 53,146.00 | 780,341.00 | 14.68 |
| 442 | Трошоци за Управен и Надзорен О. | 370,000.00 | 420,000.00 | 1.14 |
| 417/443 444 | Реклами, репрезентација и спонзорство | 567,486.00 | 857,650.00 | 1.51 |
| 445 | Премии за осигурување | 789,803.00 | 202,312.00 | 0.26 |
| 446 | Банкарски услуги и платен промет | 153,558.00 | 258,645.00 | 1.68 |
| 447 | Даноци кои не зависат од резултат админ., судски и др. Давачки | 314,967.00 | 270,168.00 | 0.86 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 631,652.00 | 556,622.00 | 0.88 |
| 4660 | Отпис на побарувања | 318,322.00 | 204,117.00 | 0.64 |
| 468 | Надомести на штети од дејноста | 119,104.00 | 108,228.00 | 0.91 |
| 46920 | Дополнително утврдени расходи од минати години | 653,781.00 | 528,878.00 | 0.81 |
| 474 | Камати од рабоењето со неповрзани друштва | 329,966.00 | 295,178.00 | 0.89 |
| | **ВКУПНО :** | **49,761,789.00** | **53,969,684.00** | 1.08 |
| | | | | |

Вкупните трошоци споредени со трошоците во 2020 година покажуваат зголемување од 8% односно искажано во вредност зголемени се за 4.207.895, 00 денари.

- потрошените суровини и материјали зголемени се за 55% споредени со истите во 2020 година што е добар показател имено зголемени се градежните активности за разлика од минатата година кога со пандемијата која ја зафати државата истите беа на минимално ниво.

- трошоците за електрична енергија зголемени за 34% во споредба со истите во 2020 година.

-за оваа година се направи измена во политиката за отпис на ситниот инвентар имено истиот се отпишува 100 % во годината наместо претходните 20% годишно што всушност и е пореално претставен трошок во годината, ако се земи предвид дека поголемиот дел од ситниот инвентар е со една година трајност.

- трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги намалени се за 5% во споредба со истите во 2020 година.

- услугите за тековно одржување на опремата, зголемени се за 9% во споредба со претходната година.

- трошоците за обезбедување на имотот покажуваат намалување за 18 %, истите не зависат од работењето на претпријатието, цената за услугата е добиена по пат на тендер за јавна набавка.

- трошоците за закупнина на деловен простор покажуваат намалување од 39% во споредба со минатата година. Минатата година во овај трошок покрај закупнината за Наплатниот центар вклучена беше и закупнината за стан во град Скопје која беше платена за еден од вработените кој учествуваше на евалуација во комисија за изградба на пречистителна станица за Битола.

- производните услуги во 2021 година зголемени се за 52% споредено со минатата година.

- трошоците за читање на водомерите од Водовод секоја година се исти ( 12 месеци по 109.000,00 денари ). Оваа година се јавува и дополнителен износ од 10.000,00 денари месечно за состојбата на водомерите која ја добиваме од ЈП Стрежево.

- трошоците за услуги од агенции за вработување во 2021 година намалени се за 45% споредени со претходната година.

- трошоците за бруто плати во 2021 година се зголемени за 4% споредени со истите трошоци во 2020 година.

- за амортизацијата нема конечна пресметка и истата за шест месеци изнесува околу 5,5 милиони денари.

- другите надоместоци на вработените ( регрес за годишен одмор, отпремнина за пензија, љубилејни награди, помош на вработените и нивните семејства во случај на смрт и др.) се исплаќа според Закон за работни односи и колективен договор.

- дневниците и надоместокот за службени патувања се намалени за 47%

- надомести на трошоци на вработените и подароци, овде постои голема разлика во вредноста бидејќи во 2020 година велигденски паушал не се исплати заради вонредната состојба, оваа година на вработените им се исплати по 5.000,00 денари.

- трошоците направени за исплата на членовите на Управен и Надзорен одбор се зголемени за 14%, овај показател не е реален затоа што во 2020 година во првото шестомесечие се заостана со исплатите на паушалот, по препораки од Владата истиот не се исплаќаше за време на вонредната состојба.

- трошоците за реклами, спонзорства и донации зголемени се за 51% во споредба со 2020 година, во овај трошок влегуваат и средства што им се префрлуваат на синдикатот за тековното работење.

- премиите за осигурување споредено со 2020 година се намалени за 74%

- банкарските услуги-провизии во 2021 година зголемени се за 68% во споредба со минатата година.

- останатите трошоци од работењето се намалени за 12% во споредба со 2020 година. Тука влегуваат адвокатски, нотарски, компјутерски и останати услуги. Нотарските трошоци се прават при поднесувањето на тужбите за неплатени сметки на странките, но истите ги наплаќаме од странките со наплата на тужбите и се евидентирани како приходи од нотарски и судски такси. Исто и судските трошоци се наплаќаат од тужените странки за оние тужби кои ќе бидат наплатени. Како составен дел на овие трошоци се и компјутерските услуги кои се направени за одржување на компјутерскиот систем во КЈП Нискоградба.

- вредносното усогласување на побарувањата значи извршени отписи на ненаплатливи побарувања по судски решенија и приговори. Овој износ се однесува на побарувања кои се отпишуваат во текот на работењето , до шести месец оваа година отпишани се 204.117,00 илјади денари што е за 36% помалку од 2020 година.

- надомести на штети од дејноста е трошок кој покачува намалување за 9% во споредба со 2020 година.

- дополнително утврдени трошоци од минати години е конто каде се книжат сторнираните сметки и фактури од минати години кои ги добиваме по извештај од ЈП Водовод и не зависат од работењето на претпријатието.

- трошоците за камати за кредити намалени се за 11% споредени со истите од 2020 година. Овие трошоци се по основ на долгорочен кредит за основни средства и за лизинг на возила.

Вкупните расходите за првите шест месеци од 2021 година бележат зголемување од 7% споредено со истиот период од 2020 година, а додека вкупните приходите за истиот период зголемени се за 11% што резултира со позитивен финансиски резултат.

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| | **Од 01.01.2020 до 30.06.2020 година** | **Од 01.01.2021 до 30.06.2021 година** |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | **54.706.159,00** | **60.682.896,00** |
| Вкупни расходи | **49.761.789,00** | **53.969.684,00** |
| **Добивка** | + **4.944.370,00** | + **6. 713.212,00** |

За првите шест месеци од 2021 година КЈП Нискоградба покажува добивка од **6.713.212,00 денари**.

## Преглед на побарувања за 2021 година

| *Побарувања* | *Почетно салдо* | *Фактуирано во 2021* | *Наплатено во 2021* | *Салдо на 30.06.2021* | *Преоцент на наплат* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Од услуги од правни и физички лица** | 22.180.166 | 29.251.662 | 20.892.794 | 30.539.034 | 71% |
| **Од надоместок за канализ.од правни лица** | 25.007.123 | 10.086.662 | 9.783.918 | 25.309.867 | 97% |
| **Од надоместок за канализ.од домаќинства** | 26.543.026 | 25.876.037 | 22.276.177 | 30.142.886 | 86% |
| **Вкупно:** | **73.730.315** | **65.214.361** | **52.952.889** | **85.991.787** | **81%** |
| Побарувања од дадени гаранции по тендери | 6.511.772 | / | / | 6.511.772 | |

За првите шест месеци од 2021 година КЈП Нискоградба Битола има фактурирано вкупно 65.214.361,00 денари вредност со вклучен ДДВ, а наплатени се вкупно 52.952.889,00 денари. Анализирајќи го процентот на наплата истиот кај наплатени услуги од правни и физички лица покажува 71. Процентот на наплата кај побарувањата од надоместок за канализација од правни лица е 97, но и овај процент како и процентот за наплата на побарувањата за надоместок на канализација од домаќинства кој изнесува 86 не се реални од причина што во фактурираниот износ влезена е вредноста на фактурите и сметките за 6 месец кои инкасантите почнуваат да ги доставуваат до корисниците после 5 ти во месецот, па така нивната наплата не е можно да се евидентира при изработката на овај преглед.

## Преглед на обврски за 2021 година

| *Обврски* | *Почетно салдо* | *Примени фактури во 2021* | *Исплатео во 2021* | *Салдо на 30.06.2021* | *Преоцент на наплата* |
|---|---|---|---|---|---|
| Краткорочни обврски кон добавувачи | 9.598.859 | 20.489.617 | 15.835.444 | 14.253.032 | 77% |
| Долгорочни обврски за кредити над 5 години | 7.787.371 | | 3.387.788 | 4.399.583 | 44% |

Краткорочните обврски кон добавувачите на КЈП Нискоградба на 30.06.2021 година изнесуваат 14.253.032,00 денари. Процентот на наплата на обврските изнесува 77%. Долгорочните обврски за кредитите намалени се од 7.787.371,00 на 4.399.583,00 денари што значи дека за овие шест месеци од 2021 година исплатени се 3.387.788,00 денари главен долг.

## Заклучок

Од погореизнесеното се гледа дека во првите шест месеци КЈП Нискоградба Битола остварува позитивен финансиски резултат од **6.713.212,00 денари.**

Раководниот тим имајќи ги предвид планираните активности кои произлегуваат од склучените договори со Општина Битола како и своето залагање очекува и во наредните шест месеци да остварува позитивен финансискиот резултат.

**КЈП НИСКОГРАДБА - БИТОЛА**

БИТОЛА